Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

24. Јули 2025 година

**Архивски број: 67-3586/5**

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Агенција за планирање на просторот **со** број 09-534/18 од 28.04.2025 година, за одобрување на **ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „БОГОРОДИЦА", КО БОГОРОДИЦА, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**, со технички број R0424 од април 2025 година, поднесено преку информацискиот систем е-урбанизам на ден 28.04.2025 година (постапка број 71125), заведено во архивата на министерството со бр. 67-3586/1 од 05.05.2026 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА **ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „БОГОРОДИЦА", КО БОГОРОДИЦА, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**, изработена од Агенција за планирање на просторот со технички број R0424 од април 2025 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Агенција за планирање на просторот, изработи и достави барање за одобрување на **ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „БОГОРОДИЦА", КО БОГОРОДИЦА, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.**


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение бр. 02-4476/1 од 09.06.2025 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување бр. 67-3586/2 од 30.06.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, за 2023 година („Сл.Весник на Р.С.Македонија" бр.37/23 и 65/23) глава III, точка 23, Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, за 2024 година („Сл.Весник на Р.С.Македонија" бр.15/24), глава III, точка 19 и Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, за 2025 година („Сл.Весник на Р.С.Македонија" бр.25/25) глава III, точка 12,
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со У52724 од декември 2024 година
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, број УП1-15-2382/2024 година, обезбедено во релевантна постапка во електроснкиот систем „е-урбанизам" број 67059.
- Потврда од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-6082/2 од 11.11.2024 година
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за граничен премин Богородица, изработен од Друштво за премер на земјиште, инженеринг и трговија ГЕОФОТ – ЗЕНИТ ДОО со деловоден број 0806-481/1 од 15.08.2024 година, заверено во Агенција за катастар на недвижности.
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога за изработка на урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Богородица, КО Богородица изработен од Друштво за производство, трговија и услуги АЛФА ГЕОДЕТ ДООЕЛ Скопје со деловоден број 08-466/3-2023 од 19.09.2023 година, заверено во Агенција за катастар на недвижности.
- **ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „БОГОРОДИЦА", КО БОГОРОДИЦА, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**, со плански опфат (41,03ха), плански период (2024-2034), изработен од Агенција за планирање на просторот со технички број R0424 од април 2025 година.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување бр. 67-3586/2 од 30.06.2025 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр.225/20, бр.219/21, 104/22 и 99/23, 7/25 и 143/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Министер**
**Александар Николоски**

Изработил: Њомза Идризи , миа

Одобрил: **Весна Андриевска, диа**
**Раководител на Сектор за уредување на просторот**


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk